Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневните настани 03.04.2023

Во текот на вчерашниот ден (02.04.2023) на подрачје на Скопје, по претходно добиени оперативни сознанија, полициски службеници од СВР Скопје и Одделот за криминалистичка полиција во координација со ОЈО Скопје по добиени судски наредби, извршија претреси на дом и други простории на 19 локации при што приведени се 16 лица поради постоење на основи на сомнение за сторени кривични дела недозволено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, а од нив пет лица се приведени во врска и со сознанија за друго кривично дело. При претресите пронајдена е поголема сума на пари кои потекнуваат од продажба на дрога, податоци за лица на кои им била продавана дрога... По документирање на случаите лицата ќе бидат предадени на надлежното обвинителство.

На 02.04.2023, полициски службеници од ОВР Кавадарци ги лишиле од слобода Е.М.(20) од Кавадарци и Д.Ц.(20), со привремен престој во Кавадарци. Тие се сомничат дека од двор на куќа, сопственост на К.Н.(55) од с.Крушевица, општина Росоман, одделе повеќе предмети. Лицата биле приведени во полициска станица, а одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.04.2023 околу 23.10 часот во угостителски објект на улица „Љуботенска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Б.Х.(43) од Тетово, сопственик на објектот и Ф.Б.(53) од скопско Арачиново и А.Р.(56) од скопски Синѓелиќ, поради сомнение дека сториле кривично дело „комар", казниво по член 398 од Кривичниот законик. Тројцата се задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци. Во истиот објект, при извршен преглед над Б.А.(34) од скопски Чаир, бил пронајден нож и против него ќе следува поднесок по член 80 од Законот за оружје.

На 03.04.2023 во 02.10 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници го лишиле од слобода Ј.Р.(41) од Кочани, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 02.04.2023 во 21.55 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода С.С.(28) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 02.04.2023 во 16.20 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода А.С.(30) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 02.04.2023 во 22.00 часот на подрачјето на Драчево, полициски службеници го лишиле од слобода Д.Ѓ.(30) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 02.04.2023 во 23.30 часот, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода Д.С.(19), Г.К.(19) и Љ.С.(20), сите од Велес. При преглед на патничко возило „опел" со скопски регистарски ознаки, со кое се превезувале, била пронајдена и одземена марихуана. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 02.04.2023 на ул.„Тризла" во Прилеп, полициски службеници од СВР Битола - ОВР Прилеп ги лишиле од слобода А.А.(40), С.М.(40)и И.К.(50), сите од Прилеп, затоа што при преглед кај нив, кај А.А. биле пронајдени 233 таблети. По документирање на случајот, ќе следува соодветна пријава. поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (02.04.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 531 возач. Од нив 29 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 272 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 259 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (02.04.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 187 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 134 санкции, девет мерки за возење без возачка дозвола, девет санкции за возење под дејство на алкохол...

Во текот на изминатиот викенд, полициски службеници од Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на Куманово санкционирани се вкупно 174 возачи, од кои 140 управувале возило со брзина поголема од пропишаната, 17 санкции за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол, 8 за управување возило без возачка дозвола, 6 за нерегистрирано возило и 3 возачи на мотоцикли.

На 02.04.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 21 прекршок, од кои 14 во населено место и 7 надвор од населено место. На 01/02.04. во периодот од 22.00 до 04.00 часот била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа биле санкционирани 13 возачи. Санкционирани биле и 9 други видови на прекршоци, од кои, 2 за управување возило без возачка дозвола, 3 за возач почетник, 1 за нерегистрирано возило, 1 за технички неисправно и 2 за некористење сигурносен појас.

На 02.04.2023 во 23.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул. „20" во с.Сарај, скопско, и локален пат за с.Глумово, скопско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф", управувано од Р.П.(33) од с.Глумово и мопед „априлија", управуван од А.А.(19) од с.Сарај, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 02.04.2023 во 14.21 часот во СВР Битола било пријавено дека на крстосница од ул.„4 Ноември", ул.„Димитар Илиевски-Мурато" и ул.„Влатко Миленковски" во Битола се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген пасат" со битолски регистарски ознаки, управуван од Б.И.(57) од Битола и автобус „неоплан" со битолски регистарски ознаки, управуван од З.З.(54) од Битола. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на патничкото возило Б.И., констатирани во Клиничка болница Битола. Увид извршила екипа на СВР Битола.

На 02.04.2023 во 09.40 часот во Полициската станица Бит Пазар, И.М.(68) од Скопје пријавила дека на ул.„Петар Михов" била касната од куче скитник.

На 02.04.2023 во 20.30 часот во Полициската станица Аеродром, Р.Ѓ.(72) од Скопје пријавила дека на бул.„АСНОМ" била касната од куче скитник.

На 02.04.2023 во 17.30 часот во Полициската станица Чаир, С.Ф.(23) од Скопје пријавил дека во населбата Радишани бил каснат од куче скитник.

На 02.04.2023 во 08.27 часот во СВР Куманово, Б.С. пријавил дека на неговиот имот во село Речица, кумановско, пронашол неексплодирана граната од Втората светска војна, калибар 75мм. Екипа од СВР Куманово извршила увид, а гранатата била безбедно подигната од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошна постапка.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Ќ.А.(41) од Кичево, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При претрес во неговиот дом, извршен по судска наредба, полициските службеници пронајдоа и одзедоа предмети со остаток од кокаин.

На 02.04.2023 околу 22.20 часот во гостиварско Зубовце, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ја привеле 27-годишната А.Б. од Република Косово, поради сомнение дека немала регулиран престој на подрачјето. Таа е задржана во полициска станица за понатамошна постапка.

На 02.04.2023 во 15.15 часот во СВР Тетово повикан е В.А.(37) од тетовска Стримница, кој претходно бил пријавен од 50-годишна тетовка дека кон крајот на минатата година, со закани, изнудил таа да ја продаде сопствената куќа, наводно во замена за стан во Тетово и пари. Но, според пријавеното, ниту добила стан, ниту пари, иако потпишала купопродажен договор. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.04.2023 во периодот од 12.00 до 18.00 часот, при извршени сообраќајни контроли во Охрид, полициските службеници санкционирале 32 возачи кои управувале возила со брзина поголема од дозволената, од кои 21 надвор од населено месо и 11 во населено место.

На 02.04.2023 во 22.40 часот, полициски службеници од Полициска станица Драчево го лишиле од слобода М.К.(20) од Скопје, затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.04.2023 во 00.40 часот во СВР Скопје, М.С.(34) од Скопје пријавил дека околу 00.20 часот пред угостителски објект во с.Марино, општина Илинден, бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.04.2023 во 01.00 часот во СВР Скопје, В.А.(38) од с.Мојанци, скопско, пријавил дека на 02.04.2023 околу 22.00 часот на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од Н.Ц. и Ц.Ц. од с.Страчинци, при што бил употребен и тврд предмет. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Д.А.(38) од село Велушина, битолско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Во периодот од декември 2021 до мај 2022 година, пријавениот во неколку наврати земал парични средства од лице од Битола, ветувајќи му работно место за неговата сопруга во државна агенција, со што го оштетил Б.Б. за сума од 153.000 денари.

На 03.04.2023 во 01.30 часот во СВР Скопје, И.Т.(26) од Република Бугарија, со престој во Скопје, пријавил дека на 02.04.2023 околу 18.30 часот на подрачјето на Аеродром, бил физички нападнат од Б.С., кај кого работел како градежен работник и кој му должел пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.04.2023 во 17.49 часот во СВР Скопје, С.Б.(29) од Скопје пријавил дека околу 17.30 часот пред казино на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од А.Л.(29) од Скопје, а по кратко време било пријавено дека бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.Б. и А.Л.(29) од Скопје, роднина на пријавениот А.Л.(29). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 02.04.2023 во СВР Скопје било пријавено дека околу 00.20 часот настанал пожар во напуштена куќа на ул.„Благоја Деспотовски Шовељ", во која престојувал бездомникот Р.Р.(24).. Во пожарот, Р.Р. се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Градска општа болница „Св.Наум Охридски". Екипа на Бригадата за противпожарна заштита го изгаснала пожарот, а увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 02.04.2023 во Полициското одделение Маврово било пријавено дека кај место викано „Бел кањ" во Мавровско езеро, во нас.Маврови Анови, гостиварско, биле пронајдени остатоци од човечки скелет, кои биле подигнати за вештачење. Увид бил извршен и се работи на расчистување на случајот.

На 02.04.2023 во 12.25 часот во Полициската станица Аеродром, С.С.(26) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански" бил каснат од куче скитник.

На 02.04.2023 во 20.55 часот во СВР Скопје, И.З.(43) од Скопје пријавил дека околу 17.45 часот на подрачјето на Чаир, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од С.А.(41) од Скопје, кој му се заканил и со пиштол. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 02.04.2023 во СВР Битола, Б.М.М.(44) од Битола пријавила дека во Битола била касната од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против М.Е.(69) од село Калишта, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Во февруари 2022 во Струга, пријавениот во својство на инвеститор започнал со изведување на доградба на деловен објект, спротивно на основниот проект.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет